# ЗАКОН ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат производството, подготовката за трговија, етикетирањето, трговијата, увозот и извозот на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување за земјоделски растенија од житни, фуражни, градинарски, маслодајни, влакнодајни, репа, компир, тутун, украсни растенија, овошни растенија и винова лоза (во натамошниот текст: семенски и саден материјал); обврските на лицата кои се занимаваат со производство, доработка, трговија и увоз и извоз на семенски и саден материјал за земјоделски растенија; пријавувањето, испитувањето, одобрувањето, запишувањето и одржувањето на сорти на земјоделски растенија во национална сортна листа; надлежност на официјалениот орган за сертифицирање на семенски и саден материјал, јавните овластувања, овластени лаборатории, чувањето и одржување на референтни примероци на семенски и саден материјал и други прашања од областа на семенскиот и садниот материјал.

Примена на Законот

**Член 2**

Одредбите од овој закон се применуваат и на семенски и саден материјал од други видови земјоделски растенија од утврдените во членот 1 на овој закон доколку се пуштаат во трговија со цел да се употребат за земјоделско производство.

Цел на Законот

**Член 3**

Цел на овој закон е обезбедување на производство и трговија на квалитетен семенски и саден материјал за земјоделски растенија, развој на земјоделското производство, заштита на животната средина и природата, како и заштита на потрошувачите.

Значење на поимите

**Член 4**

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Семенски материјал** е семенски материјал од житни, фуражни, градинарски, маслодајни, влакнодајни, репа, компир, тутун, украсни растенија, овошни растенија и винова лоза кој е наменет за производство по пат на генеративно размножување.
2. **Саден материјал** се цели растенија добиени со генеративно или вегетативно размножување, наменети за производство на овошје и грозје, градинарски и украсни растенија.
3. **Материјал за размножување** е семе, делови од растенија или цели растенија вклучително и садни подлоги, наменети за размножување и производство на саден материјал од земјоделски растенија.
4. **Партија** е број и количество на семенски или саден материјал на земјоделските растенија од ист вид, сорта и категорија, која се препознава по потеклото, е со ист квалитет и е хомогена по состав.
5. **Сорта** е група на растенија во рамките на значењето на најниска ботаничка класификација, ако е можно да се:
- определи со изразени карактеристики кои произлегуваат од одреден генотип или од комбинација од генотипови,
- разликува од која било друга група на растенија, барем по една од изразените карактеристики и
- третира како целина доколку тие карактеристики во размножувањето се постојани.
6. **Автохтони сорти** се локални, стари домашни или одомаќинети сорти, популации или клонови кои традиционално се одгледуваат на територијата на Република Северна Македонија подолг временски период,

7. **Селекционер** е едно или повеќе лица кое ја создава, одгледува и одржува сортата.
8. **Одржувач** е физичко или правно лице овластено од селекционерот односно од неговиот овластен застапник, кое е одговорно за одржување на сортата во согласност со карактеристиките кои се земени предвид при внесувањето на сортата во националната сортна листа.
9. **Национална сортна листа** е листа на одобрени сорти.
10. **Европски заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови** е заеднички каталог на сорти кој се составува врз основа на националните каталози на земјите членки на ЕУ.
11. **Категорија на семенски и саден материјал** е одреден степен на квалитет на семенскиот и садниот материјал од земјоделски растенија.
12. **Мешавина на семенски материјал** е семенски материјал од житни, фуражни или градинарски растенија во форма на мешавина од различни видови или сорти.
13. **Генетски модифициран организам** (во натамошниот текст: ГМО) е секој организам вклучувајќи го секој микроорганизам, со исклучок на човечките суштества, во кој генетскиот материјал е променет на начин кој природно не се случува со процесите на размножување и/или природна рекомбинација. Како ГМО се смета и комбинација од ГМО.
14. **Снабдувач на семенски и саден материјал за земјоделски растенија** е секое домашно или странско, правно или физичко лице кое врши една или повеќе од следниве дејности: производство, доработка, пакување, етикетирање, трговија и увоз или извоз на семенски и саден материјал на земјоделски растенија.
15. **Место на производство на земјоделски растенија** е организациски и деловно заокружена производствена целина (вклучувајќи го земјиштето, објектите, машините и опремата) каде што се вршат активностите на снабдувачот.
16. **Производство на семенски и саден материјал** е активност за добивање на семенски и саден материјал со размножување или со други методи кои се општо прифатени за поединечни видови на земјоделски растенија.
17. **Подготовката за трговија** е доработка која опфаќа активности на подготовка за пазар на:
   - семенскиот материјал (сушење, чистење, сортирање, третирање со хемиски средства, пакување, етикетирање и слично) и
   - садниот материјал (сортирање, пакување, етикетирање и слично).
18. **Трговија** е понуда за продажба или продажба и дистрибуција на семенски и саден материјал на трето лице, односно секоја дистрибуција на семенски и саден материјал наменета за трговија.
19. **Увоз** е внесување на семенски и саден материјал за земјоделски растенија во Република Северна Македонија.
20. **Извоз** е изнесување на семенски и саден материјал за земјоделски растенија од Република Северна Македонија.
21. **Надлежен орган** е Управата за семе и саден материјал во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
22. **Официјална сертификација на семенски и саден материјал** е постапка на стручна контрола над производството на семенски и саден материјал преку официјални организациони

шеми и признавање на семенските посеви и насади од надлежен орган, со што се гарантира потеклото, количината и квалитетот на произведениот семенски и саден материјал.

23. **Официјално сертифицирање и етикетирање на семенски и саден материјал** е издавање на конечен сертификат и официјални етикети за пакувањата од страна на Управата за семе и саден материјал.

24. **Официјален орган за сертифицирање** е Државната фитосанитарна лабораторија и правно лице на кое му е дадено јавно овластување за стручна контрола на поле и во лабораторија на семенскиот и садниот материјал.

25. **Сертификат** е документ со кој се потврдува извршената официјална сертификација на семенски и саден материјал од земјоделски растенија.

26. **Правно лице** е трговско друштво или друго правно лице.

27. **Физичко лице** е индивидуален земјоделец или трговец поединец кој е запишан во регистрите кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

28. **Ген банка** е овластена институција во која се чува и одржува семенскиот и садниот материјал на дивергентни популации и автохтони видови, со цел да се заштити биодиверзитетот и чување на референтни примероци на семенски и саден материјал од земјоделски растенија.

29. **Фитосанитарен сертификат** е документ кој ја потврдува здравствената состојба на пратката издаден од надлежен орган согласно Законот за здравје на растенијата.

30. **DUS тест** е постапка за признавање на сортата заснована на докажување на различност, еднообразност и стабилност на сортата, според Конвенцијата на UPOV.

31. **VCU тест** е постапка за испитување на производната и употребната вредност на нови сорти земјоделски растенија.

32. **OECD** е Меѓународна организација за економска соработка и развој со седиште во Париз, Франција.

33. **OECD сертификат** е документ за сортната чистота на семето во меѓународниот промет, кој се добива по извршен преглед на семенскиот посев.

34. **ISTA** е Меѓународна организација за испитување на квалитетните својства на семето, со седиште во Цирих, Швајцарија.

35. **ISTA сертификат** е документ за квалитетот на партијата семе во меѓународниот промет.

36. **UPOV** е Меѓународна организација за заштита на нови растителни сорти со седиште во Женева, Швајцарија.

37. **IPPC** е Меѓународна конвенција за заштита на растенијата.

38. **CPVO** е канцеларија на Заедницата за заштита на нови растителни сорти со седиште во Анже, Франција и

39. **ECPGR** е европска организација за чување и заштита на растителните генетски ресурси со седиште во Рим, Италија.

## II. СНАБДУВАЧИ НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Регистрирање на снабдувачи на семенски и саден материјал

**Член 5**

(1) Производство, подготовка за трговија, увоз-извоз и трговија на семенски и саден материјал од земјоделски растенија можат да вршат домашни и странски правни или физички лица- снабдувачи кои се запишани во регистарот на снабдувачи на семенски материјал и во регистарот на снабдувачи на саден материјал. Снабдувачот на видовите на земјоделски растенија за кои не е потребна официјална сертификација се запишува во регистарот со посебно решение и е должен да стави свои етикети на производите кои се наменети за трговија.
(2) Странското правно лице на територијата на Република Северна Македонија дејностите од ставот (1) на овој член може да ги врши преку подружници согласно со Законот за трговските друштва.
(3) Запишувањето во регистрите од ставот (1) на овој член се врши со поднесување на барање и документација за исполнување на условите од ставовите (5), (6), (7) и (8) на овој член до Управата за семе и саден материјал (во натамошниот текст: Управата).
(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член снабдувачите поднесуваат:
- решение и тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- имотен лист за деловен простор и/или магацински простор издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија или
- договор за закуп на деловен простор и/или магацински простор доколку истото не е во сопственост на субјектите од ставот (1) на овој член;
- имотен лист за земјоделското земјиште издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија или
- договор за закуп доколку истото не е во сопственост на субјектите од ставот (1) на овој член;
- диплома/уверение за вработеното лице за завршено високо образование од земјоделски науки со соодветна насока;
- М1/М2 за вработеното лице издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или потврда за вработеното лице издадена од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување;
- изјава дека располага со соодветна опрема за производство и подготовка за трговија и - доказ за платена административна такса.
(5) Доказите за исполнување на условите од ставот (4) алинеи 1, 2, 4 и 6 на овој член ги прибавува овластеното службено лице од Управата што ја води постапката за издавање на решението за запишување во регистарот на снабдувачи на семенски материјал и регистарот на снабдувачи на саден материјал, кое е должно во рок од три дена од приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(6) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) алинеи 1, 2, 4 и 6 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на решение за запишување во регистарот на снабдувачи на семенски материјал и во регистарот на снабдувачи на саден материјал донесува решение, со кое одлучува по барањето за издавање на решение за запишување во регистарот на снабдувачи на семенски материјал и во регистарот на снабдувачи на саден материјал.
(8) Снабдувачите ќе се запишат во регистарот на снабдувачи доколку имаат вработено најмалку едно лице со високо образование од земјоделски науки - соодветна насока, земјоделско земјиште, опрема, деловни простории и соодветни магацински простории.
(9) Снабдувачот кој врши трговија на мало, трговија на големо и увоз-извоз со семенски и саден материјал ќе се запише во регистарот на снабдувачи доколку има вработено најмалку едно лице со најмалку високо образование - дипломиран земјоделски инженер на растително производство, со ЕКТС 240 кредити, да поседува деловни простории и соодветен магацински простор.
(10) Снабдувачот кој врши производство на семенски и саден материјал ќе се запише во Регистарот на снабдувачи доколку има вработено најмалку едно лице со високо образование - дипломиран земјоделски инженер на растително производство- соодветна насока, со ЕКТС 240 кредити, земјоделско земјиште, соодветна опрема, деловни простории и магацински простор.
(11) Снабдувачот кој врши подготовка за трговија ќе се запише во Регистарот на снабдувачи доколку има вработено најмалку едно лице со високо образование - дипломиран земјоделски инженер на растително производство, соодветна насока со ЕКТС 240 кредити, соодветна опрема, деловни простории и магацински простор.
(12) Снабдувачите од ставот (1) на овој член ќе се избришат од регистрите доколку престанат да ги исполнуваат условите од ставовите (4), (8), (9), (10) и (11) на овој член.
(13) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува условите што треба да ги исполни секој снабдувач во врска со земјоделското земјиште, опремата, деловните простории и магацинските простории за да биде запишан во регистарот, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот (1) на овој член и содржината на барањето од ставот (3) на овој член.
(14) Доколку настанат промени во исполнување на условите за регистрирање, снабдувачот е должен во рок од 30 дена од денот на настанувањето на промените да ја извести Управата.

Регистрирање на снабдувачи на семенски и саден материјал од автохтони сорти

**Член 5-а**

(1) Снабдувачите на семенски и саден материјал од автохтони сорти се водат во посебен регистар кој се води во Управата.

(2) Запишувањето во регистарот од ставот (1) на овој член се врши со поднесување на барање до Управата.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува условите, формата и содржината на барањето.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот (1) на овој член.

Исклучоци

**Член 6**

(1) Упис во регистрите на снабдувачи на семенски и саден материјал не е задолжителен за производителите на мали количини на семенски и саден материјал на определени видови наменети за лична употреба.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите и количините на семенски и саден материјал од ставот (1) на овој член.

Водење на регистри

**Член 7**

(1) Регистерот на снабдувачи на семенски материјал и регистарот на снабдувачи на саден материјал ги води Управата.

(2) Регистрите од ставот (1) на овој член се водат во електронска форма.

(3) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за запишување и бришење на снабдувачите од регистрите од ставот (1) на овој член.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(5) Документите врз основа на кои се водат регистрите во оригинал или копија заверена кај нотар се чуваат најмалку три години по бришење на снабдувачот од регистарот.

## III. ТРГОВИЈА НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

### Услови за трговија на семенски и саден материјал за земјоделски растенија

**Член 8**

(1) Семенски и саден материјал на одделни видови на земјоделски растенија може да се стави во трговија само доколку ги исполнува условите за производство, квалитет и други услови утврдени со овој закон, Законот за здравјето на растенијата и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Доколку за семенски и саден материјал од одделни видови на земјоделски растенија категоријата не е пропишана, со него може да се тргува ако ги исполнува минималните услови во поглед на квалитетот.

(3) Семенскиот и садниот материјал мора да се складира во соодветни магацински простории, односно површини пред да се пушти во трговија.

(4) Семенскиот и садниот материјал од сорти на земјоделски растенија кои се генетски модифицирани мораат да ги исполнуваат, покрај условите на овој член и прописите кои ја уредуваат трговијата на генетско модифицираните сорти и да бидат дополнително означени како генетски модифицирани сорти согласно со прописите на Европската унија.

(5) Ако семенскиот и садниот материјал од сорти за земјоделски растенија е третиран со производ за заштита на растенија, производот за заштита на растенија мора да биде означен на етикетата од амбалажата.

(6) Семенскиот и садниот материјал од сорти на земјоделски растенија може да се стави во трговија само ако ги исполнува условите за квалитет, и тоа за:

- семенскиот материјал: аналитичка чистота, ‘ртливост, влага, присуство на семе од други видови растенија, семе од плевел и слично и

- садниот материјал: автентичност на сортата и подлогата, вегетативна развиеност.

(7) Семенскиот и садниот материјал се произведува под контрола на Управата, која со сертификат потврдува дека семенскиот и садниот материјал ги исполнува условите за трговија. Сертификатот го придружува семенскиот и садниот материјал што се става во трговија.

(8) По исклучок на ставот (6) од овој член семенски и саден материјал од категориите предосновен и основен семенски и саден материјал може да се стави во трговија и во случај кога не ги исполнува условите за квалитет на семенскиот и садниот материјал, со посебна дозвола на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за да не се прекине континуитетот за натамошна репродукција на семето од пониските категории и спречување на настанување на поголеми економски штети на семето и садниот материјал.

(9) Семенскиот и садниот материјал кој не е сертифициран, соодветно спакуван и етикетиран не смее да се стави во трговија.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на пакувањето и преиспитувањето на семенскиот материјал од одделни видови, земањето примероци за анализа, сертифицирањето, етикетирањето на партиите семе, формата и содржината на етикетата, максималната големина на партија семе и методите за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија.

(11) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на пакувањето, преиспитувањето и етикетирањето, формата и содржината на етикетата, начинот и постапката за официјална сертификација на садниот материјал, како и условите во поглед на сортната чистота и квалитетот на садниот материјал од одделни видови земјоделски растенија.

(12) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите и категориите на семенски и саден материјал од ставот (1) на овој член, како и поблиските услови за ставање во трговија.

Услови во поглед на трговија на сортата

**Член 9**

(1) Семенски и саден материјал од видови и сорти на земјоделски растенија можат да се стават во трговија доколку сортата е запишана во националната сортна листа или во Европскиот заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови или семенскиот материјал од други земји кој врз основа на прописите за еквивалентност на Европската унија е одобрен за увоз во земјите членки со исклучок на семенски и саден материјал од овошните растенија, украсните растенија и семе од треви кои не се наменети за семенска мешавина.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на земјоделски растенија кои мора да се запишат во националната сортна листа.

Исклучок во поглед на сортата

**Член 10**

(1) Управата може, по барање на снабдувачот, да дозволи трговија на пропишана количина на семенски и саден материјал од сорта која е во постапка на испитување за внесување во националната сортна листа од житни, фуражни, репа, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир, тутун и винова лоза.

(2) Управата води евиденција за количините на семенскиот и садниот материјал од ставот (1) на овој член.

(3) Семенскиот и садниот материјал од ставот (1) на овој член мора да е етикетиран како семенски и саден материјал на сортата која е во постапка за испитување за запишување во национална сортна листа.

(4) Количината на семенскиот и садниот материјал од ставот (1) на овој член и начинот на водење на евиденцијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Привремени исклучоци за трговија

**Член 11**

(1) Ако за тековната година нема на располагање доволно количини на семенски и саден материјал кој ги исполнува пропишаните услови за квалитет и е запишан во национална сортна

листа, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може на барање на снабдувачот да дозволи привремено, а најмногу за период од една година трговија со количини на семенски и саден материјал од сорти кои не ги исполнуваат тие услови.

(2) Семенскиот и садниот материјал од сорти на земјоделски растенија од ставот (1) на овој член мора да биде посебно обележан на официјалната етикета на секое пакување на семенски и саден материјал за условите кои не ги исполнува.

(3) Снабдувачот не смее да пушти во трговија семенски и саден материјал што не е обележан согласно со ставот (2) на овој член.

Семенска мешавина

**Член 12**

(1) Семенски материјал од житни и фуражни растенија може да се стави во трговија во вид на мешавина на семиња од различни сорти или видови (во натамошниот текст: семенска мешавина), согласно со условите од членот 8 ставови (5) и (6) на овој закон и ако:

- секоја состојка на семенската мешавина ги исполнува условите за трговија пропишани во членот 8 став (9) на овој закон и се сертифицирани,

- семенски мешавини за фуражни растенија наменети за сточна храна се евидентирани во Управата и

- ги исполнува услови за пакување и етикетирање за семенската мешавина, согласно со прописот од членот 8 став (8) на овој закон.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

Евиденција на семенски мешавини

**Член 13**

(1) Производителот на семенската мешавина води евиденција за семенската мешавина.

(2) Управата води евиденцијата на семенски мешавини за видот на семенската мешавина и намената за употреба на секоја семенска мешавина.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

Исклучоци за испитувања

**Член 14**

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри користење на мали количини на семенски и саден материјал кои не ги исполнуваат условите за трговија пропишани со овој закон, а кои се наменети за научни цели, селекција, официјално испитување или за инспекциски надзор.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги утврдува количините на семенски и саден материјал од сорти на земјоделски растенија од ставот (1) на овој член.

## IV. ПРОИЗВОДСТВО И ПОДГОТОВКА ЗА ТРГОВИЈА НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД СОРТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Обврски на снабдувачот

**Член 15**

(1) Снабдувачот е должен да обезбеди семенскиот и садниот материјал за земјоделски растенија кој ги става во трговија да ги исполнуваат условите за производството и подготовката за трговија пропишани со овој закон.

(2) Снабдувачот треба да ги исполнува условите за производство од членот 5 на овој закон и поблиските услови што ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и другите услови утврдени од оваа глава.

**Член 15-а**

Снабдувачот е должен телефонскиот број на Државниот инспекторат за земјоделство за пријавување на неправилности од областа на семенскиот и садниот материјал да го истакне на видно место на влезот на продажните места, магацините и деловните простори.

Обврска за евидентирање на посевите и насадите за производство

**Член 16**

(1) Снабдувачот кој произведува семенски и саден материјал од сорти на земјоделски растенија мора да ги евидентира состојбите на семенските посеви и насадите од саден материјал.

(2) Снабдувачот кој врши подготовка за трговија на семенски материјал е должен да изврши сушење, чистење, сортирање, третирање со производи за заштита на растенијата, пакување, етикетирање и слично, а за садниот материјал сортирање, пакување, етикетирање и слично.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината и начинот за водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член и поблиските услови за вршење на подготовката за трговија од ставот (2) на овој член.

Стручна контрола над производството и испитување на квалитет на семенски материјал

**Член 17**

(1) Стручна контрола на семенските посеви односно насади, објекти за производство на семенски и саден материјал од земјоделски растенија и испитување на квалитетот на семенскиот материјал вршат овластени правни лица од членовите 59 и 60 од овој Закон. За

извршената стручна контрола и испитување на квалитетот на семенскиот материјал снабдувачот плаќа надоместок на овластеното правно лице.

(2) Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за утврдување на идентитетот, чистота на сортата и вегетативната развиеност на посеви и насади, квалитетните својства на семенскиот материјал и друго. Трошковникот го утврдуваат овластените правни лица од членовите 59 и 60 од овој Закон по претходна согласност на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Овластени правни лица од членовите 59 и 60 од овој Закон се должни да достават извештај до Управата во рок од 30 дена по завршување на последниот преглед или извршена анализа. При вршењето на стручната контрола може да присуствува и претставник од Управата.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот на постапување при вршење на стручна контрола и испитување на квалитетот на семенскиот материјал.

Официјално сертифицирање на семенски и саден материјал од видови на сорти на земјоделски растенија

**Член 18**

(1) Снабдувачот е должен на Управата и на овластеното правно лице од членот 59 став (1) на овој закон, да да достави пријава за посеаните и насадените површини со семенски и саден материјал на сорти на земјоделски растенија, а овластеното правно лице му издава "Сертификат за извршена стручна контрола на произведениот семенски и саден материјал".

(2) За секоја количина семе што ги исполнува условите за сертифицирање од членот 8 став (6) на овој закон, овластеното правно лице од членот 60 став (1) и член 60-а став (1) на овој закон издава "Сертификат за квалитетот на семето на земјоделски растенија".

(3) Управата на снабдувачот му издава "Сертификат за конечно сертифицирано семе" врз основа на сертификатите од ставовите (1) и (2) на овој член и/или "Сертификат за конечно сертифициран саден материјал" врз основа на сертификатот од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на добивањето на сертификатите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Семенски и саден материјал мора да ги исполнува условите за здравствена состојба согласно со Законот за здравјето на растенијата .

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот и постапката за производство на официјално сертифициран семенски и саден материјал од видови и сорти на земјоделски растенија, како и роковите, формата и содржинта на пријавата.

Услови за производство и етикетирање за растителни видови за кои не е потребна официјална сертификација

**Член 19**

(1) По исклучок од членот 18 на овој закон, за одделни видови на сорти на земјоделски растенија не е потребна официјална сертификација за производство и етикетирање.

(2) Видовите на сорти на земјоделски растенија од ставот (1) на овој член и начинот на остварување на правото за ослободување од обврската за сертифицирање ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Дозвола за ослободување од обврската за сертифицирање ја издава Управата.

(4) Исполнувањето на условите пропишани во ставот (2) на овој член, ги проверува надлежниот инспектор.

(5) Доколку надлежниот инспектор утврди дека снабдувачот не ги исполнува условите од ставот (2) на овој член і предлага на Управата одземање на дозволата од ставот (3) на овој член.

Официјално потврдување на семенска мешавина

**Член 20**

(1) Сертификат за конечно сертифицирано семе од семенска мешавина од житни и фуражни растенија врз основа на сертификат за извршена стручна контрола на произведениот семенски материјал и сертификат за испитување на квалитетот на семенскиот материјал на компонентите на мешавината издава Управата во рок од 15 дена, по добивање на сертификатите од членот 18 ставови (1) и (2) на овој закон.

(2) Снабдувачот кој е производител на семенска мешавина од житни и фуражни растенија поднесува барање до Управата за добивање на сертификат од ставот (1) на овој член.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот и постапката за сертификација, формата и содржината на сертификатот, содржината на

барањето, формата и содржината на етикетата и висината на трошоците за издавање на официјални етикети.

Рано движење на семето

**Член 21**

(1) Управата може да му одобри на првиот купувач на семето да располага со категориите на основно и сертифицирано семе, пред да се заврши процесот на испитувањето на ‘ртливоста на семето кога за тоа постојат објективни причини за што издава сертификат за рано движење на семето.

(2) Сертификатот за рано движење на семето се доделува само по изготвен привремен аналитички извештај за семето, со кој се потврдува дека семето ги исполнува пропишаните услови за квалитет, и тоа: аналитичка чистота, отсуство на семе од други видови на растенија, отсуство на семе од плевел.

(3) Во сертификатот на семето од ставот (1) на овој член се внесува името и адресата на првиот прималел на семето.

(4) Снабдувачот доставува до Управата и привремен извештај за ‘ртливост кој потврдува дека семенскиот материјал го исполнува минималниот постигнат стандард за ‘ртливост за тие видови на семе. Постигнатиот стандард за ‘ртливост на семето се става на етикетата која е прикачена на секое пакување на семе со името и адресата на снабдувачот и регистарски број на партијата семе.

(5) Доколку Управата утврди дека партијата на семенскиот материјал за земјоделски растенија во поглед на ‘ртливоста не ги исполнува пропишаните услови од членот 8 на овој закон, со решение го одбива официјалното сертифицирање на семенскиот материјал за земјоделски растенија.

(6) По решението од ставот (5) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(7) Со семенскиот материјал за земјоделски растенија од овој член не смее да се тргува до издавање на официјален сертификат.

Исклучоци во поглед на сертифицирањето

**Член 22**

Семенскиот и садниот материјал кој е размножуван за извоз врз основа на меѓусебен договор, семенскиот и садниот материјал кој се користи за испитување и опити и семенскиот и садниот материјал кој се користи за научни цели и селекција, нема да е предмет на сертификација и не се става во трговија во Република Северна Македонија.

Етикетирање

**Член 23**

(1) Сертифициран семенски и саден материјал што се става во трговија се обележува со официјални етикети издадени од Управата или правно лице кое е овластено од Управата врз основа на барање поднесено од снабдувачот и со етикетите на снабдувачот.

(2) Официјалните етикети мора да се во согласност со условите на OECD и ISTA.

(3) За видовите на земјоделски растенија за кои не е потребна официјална сертификација снабдувачот има право и обврска да стави свои етикети.

(4) Трошоците за издавање на официјални етикети од ставот (1) на овој член се на товар на снабдувачот во рамките на реално направените трошоци за издавање на официјални етикети.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на барањето, начинот и висината на надоместокот за издавање на официјални етикети.

Официјално преиспитување

**Член 24**

Семенскиот и садниот материјал за видови на земјоделски растенија кои биле официјално сертифицирани и обележани можат да се преиспитаат и повторно официјално да се сертифицираат по претходно барање од снабдувачот до Управата и повторно ќе им се издадат официјални етикети согласно членот 23 од овој закон.

Евиденција на сертифицирањето на производството

**Член 25**

(1) Управата води евиденција за производство на сертифициран семенски и саден материјал од сорти на видови на земјоделски растенија и биланси за произведен сертифициран семенски и саден материјал за тековната година. Во евиденцијата се внесуваат податоци за површините регистрирани за производство на семенски и саден материјал според вид, сорта и категорија на семе и саден материјал, површините одобрени за производство на семе и саден материјал според вид, сорта и категорија на семе и саден материјал и количината на сертифицираното семе и саден материјал според вид, сорта и категории.

(2) Производителите на семенски и саден материјал се должни еднаш годишно, а најдоцна до 31 декември да ја известат Управата за произведеното, продаденото и количеството на залиха на семенски и саден материјал.

(3) Изработените податоци од ставовите (1) и (2) на овој член Управата ги објавува во билтенот на Управата и податоците ги чува три години од нивното внесување.

## V. УВОЗ НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Услови за увоз на семенски и саден материјал

**Член 26**

(1) Семенски или саден материјал на одделен вид на земјоделски растенија може да увезува само снабдувач кој е запишан во регистрите согласно со членот 5 на овој закон, на одреден вид на семе и саден материјал (во натамошниот текст: увозник).

(2) Семенскиот и садниот материјал од видови на сорти на земјоделски растенија може да се увезува доколку ги исполнува условите пропишани со овој закон и Законот за здравјето на растенијата.

(3) Семенскиот или садниот материјал од видови на сорти на земјоделски растенија од членот 9 на овој закон, може да се увезува доколку сортата е запишана во националната сортна листа или Европскиот заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови со исклучок на овошните и украсните растенија и доколку се исполнети условите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Трговија на увезен семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија

**Член 27**

(1) Увезениот семенски и саден материјал од видовите на земјоделски растенија може да се стави во трговија, доколку ги исполнува условите пропишани со овој закон и со Законот за здравјето на растенијата и доколку:

- прописите на земјата извозничка се еквивалентни на прописите на Република Северна Македонија и доколку семенскиот и садниот материјал се произведени според тие прописи,

- семенскиот материјал од видовите на земјоделски растенија одгледувани во земјата извозничка е во согласност со меѓународните прописи за семе на OECD, испитуван е во согласност со методите на ISTA и е здравствено исправен според условите пропишани од IPPC и

- садниот материјал од видовите на земјоделски растенија одгледувани во земјата извозничка е во согласност со меѓународните прописи за здравје и квалитет на саден материјал и ги исполнува условите од Законот за здравјето на растенијата.

(2) Управата проверува по службена должност, во случај на сомневање или на барање на увозникот дали се исполнети условите за сертификација на семенски или саден материјал за земјоделски растенија кој е произведен во земјата извозничка и дали нејзините прописи на земјата се еквивалентни на прописите на Република Северна Македонија.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува одделните видови и категории на семенски и саден материјал и поблиските услови за нивен увоз утврдени во ставот (1) на овој член.

Постапка при увоз

**Член 28**

(1) Увозникот е должен пред увозот секоја пратка на семенски и саден материјал за земјоделски растенија, да ја пријави на државен фитосанитарен инспектор за инспекциски преглед.

(2) Содржината на пријавата од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Инспекцискиот преглед на пратката на семенски или саден материјал од ставот (1) на овој член се врши на првото влезно место во Република Северна Македонија.

(4) Инспекцискиот преглед на пратката за квалитетот на семенски или саден материјал се врши во определени места во внатрешноста во Република Северна Македонија кои се под царински надзор, од страна на Државниот инспекторат за земјоделство.

(5) Царинските органи ќе ја започнат постапката на пуштање на стоката во слободен промет откако државниот фитосанитарен инспектор и државниот инспектор за земјоделство дозволат увоз, односно трговија на семенскиот и садниот материјал согласно со овој закон и прописите за здравјето на растенијата.

а) државниот фитосанитарен инспектор со инспекциски преглед утврдува дали:

- увозникот е запишан во соодветниот регистар на увозници за увоз на пратки од семенски или саден материјал кој треба да се увезува и

- семенскиот или садниот материјал ги исполнува условите за увоз од членот 26 на овој закон и

б) државниот инспектор за земјоделство со инспекциски преглед утврдува дали семенскиот и садниот материјал ги исполнува условите за квалитет од овој закон.

(6) При инспекцискиот преглед државниот фитосанитарен инспектор и државниот инспектор за земјоделство можат да земаат мостри од семенскиот или садниот материјал за земјоделски растенија и да ги испратат на анализа во Државната фитосанитарна лабораторија или овластена лабораторија согласно со членот 60 на овој закон.

(7) Доколку се исполнети условите за увоз од членот 26 на овој закон, државниот фитосанитарен инспектор по извршениот преглед дозволува увоз на семенски или саден материјал.

(8) Доколку државниот фитосанитарен инспектор врз основа на извршениот инспекциски преглед, односно на резултатите од анализата на земените примероци утврди дека семенскиот или садниот материјал за земјоделски растенија не ги исполнува условите за увоз од членот 26 на овој закон, со решение забранува увоз на таков семенски или саден материјал.

(9) Трошоците за земање на примероците и анализите на семенскиот и садниот материјал за земјоделски растенија кои биле извршени на барање на фитосанитарниот инспектор ги сноси увозникот кај кој биле земени примероците доколку наодот на анализите е неповолен за увозникот.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува висината и начинот на наплата на реално направените трошоци од ставот (9) на овој член.

(11) Копијата на решението од ставот (8) на овој член државниот фитосанитарен инспектор ја испраќа во Фитосанитарната управа и Управата.

Исклучоци

**Член 29**

(1) Семенскиот или садниот материјал од видови на земјоделски растенија не подлежи на надзор од страна на државниот фитосанитарен инспектор во случај кога се работи за:

- примероци на семенски и саден материјал за официјално испитување или за складирање во ген банка, за научни цели и селекција, испитувања и опити и доколку количеството на семенски и саден материјал не надминува количества пропишани согласно со членот 14 на овој закон и

- одредени количества на семенски и саден материјал во оригинално пакување наменети за лична употреба придружени со фитосанитарен сертификат.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба.

Посебна увозна дозвола

### Член 30

(1) По исклучок на одредбите од членот 27 на овој закон, државен фитосанитарен инспектор може да дозволи увоз на семенски и саден материјал од видови на сорти на земјоделски растенија кој е несертифициран и кој не е запишан во националната сортна листа, ако Управата пред увозот за тој материјал даде посебна увозна дозвола.

(2) Увозникот поднесува до Управата барање за посебна увозна дозвола.

(3) Содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Управата ја издава посебната дозвола од ставот (1) на овој член доколку се увезува семенски или саден материјал од видови на земјоделски растенија:

- кој треба да се подготви за трговија и официјално сертифицирање во согласност со овој закон и Законот за здравјето на растенијата и доколку во странската држава бил произведен и под официјален надзор и потврден како несертифициран семенски или саден материјал за земјоделски растенија и призната му е еднаква вредност,

- заради размножување во Република Северна Македонија за што увозникот до Управата мора да достави и писмена изјава дека размножениот семенски или саден материјал во целост ќе го извезе и

- за сортата која е во постапка на испитување за запишување во национална сортна листа и количеството кое не ги надминува максималните количества согласно со прописот од членот 10 став (4) на овој закон.

(5) Увозникот мора посебната увозна дозвола од ставот (3) на овој член да ја приложи кон пријавата за инспекциски преглед од членот 28 став (1) на овој закон.

(6) Управата води евиденција за издадените дозволи од ставот (1) на овој член.

(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на образецот за посебната увозна дозвола од ставот (1) на овој член и начинот на водење на евиденцијата од ставот (6) на овој член.

### Обврски на увозникот

**Член 31**

(1) Увозникот кој увезува семенски и саден материјал за земјоделски растенија заради извоз од членот 30 став (4) алинеја 2 на овој закон, поднесува доказ до Управата дека размножениот семенски или саден материјал во целина ќе го извезува во рок што ќе му го определи Управата.

(2) Управата ќе обезбеди официјални етикети за етикетирање на семенскиот и садниот материјал кој се увезува согласно со ставот (1) на овој член.

Извештај за увезен семенски и саден материјал

**Член 32**

(1) Снабдувачите кои увезуваат семенски и саден материјал од земјоделски растенија се должни еднаш годишно, а најдоцна до 31 декември да достават извештај до Управата за увезениот, продадениот и останатиот на залиха семенски и саден материјал.

(2) Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНА КОНТРОЛА НА СЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

(Постконтрола)

**Член 33**

(1) Управата организира постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе вклучувајќи и увезени партии на семе кои се размножуваат за натамошно производство на семенски материјал. За извршената постконтрола Управата плаќа надоместок на овластеното правно лице од членот 59 од овој Закон. Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за утврдување на идентитетот и чистотата по сорта.

(2) Во опитните полиња се утврдува идентитетот и чистотата на сортата од страна на овластени лица, согласно со член 59 став (1) на овој закон, со цел да се одреди дека партијата на семе има правилен идентитет на сортата и ги исполнува соодветните стандарди за чистота на сортата што се однесува за таа категорија на семенски материјал.

(3) Наодите од опитните полиња за постконтрола ги користи Управата заедно со резултатите од овластените правни лица за стручна контрола на семенски посеви, согласно со членот 17 став (1) на овој закон, на посеви на семе за да се определи дали посевите на семе можат да се одобрат за производство на семе и во која категорија и сорта.

(4) Доколку наодите од опитните полиња за постконтрола укажуваат на присуство на примеси на сорта во партија на семе што би било тешко да се открие во текот на контролата на овластените правни лица за стручна контрола на семенски посеви, резултатите од опитните полиња ќе се земат предвид при правењето на анализата на прегледите за извршената стручна контрола.

(5) За да се следи квалитетот на последната сертифицирана категорија на семе што е пропишана за ставање во трговија и да се провери ефикасноста на шемите за сертифицирање на семе, најмногу 10% за самоопрашувачки видови и најмногу 20% за видови со вкрстено опрашување од вкупно пријавените партии на семе по видови ќе се одгледуваат заради утврдување на идентитетот и чистотата на сортата во опитни полиња за постконтрола.

(6) Остатокот од семето земено за испитување на квалитетот се користи за посејување на опитните полиња за постконтрола.

(7) Надоместокот за постконтролата од ставот (1) на овој член е на товар на Управата и истиот се плаќа од Програмата од членот 57 став (2) од овој Закон.

(8) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за одделни видови на земјоделски растенија го пропишува начинот на земање на мостри, постапката за вршење постконтрола, висината на надоместокот за постконтрола и го одредува процентот на мострите кој се вклучува во постконтролата.

## VII. ПРИЈАВУВАЊЕ, ИСПИТУВАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ НА СОРТА ВО НАЦИОНАЛНАТА СОРТНА ЛИСТА

### Национална сортна листа

**Член 34**

(1) Националната сортна листа е официјален список на видови на сорти на земјоделски растенија кои се дозволени за ставање во трговија и производство.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите на земјоделски растенија кои задолжително се запишуваат во националната сортна листа, како и начинот и постапката на пријавување, испитување, признавање, одобрување и запишување.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува постапката за запишување на сортата во националната сортна листа и за водење на националната сортна листа.

Пријавување

**Член 35**

Запишување на сорта во националната сортна листа се врши врз основа на пријавата која ја поднесува:

- селекционер, односно одржувач на сорта, или друго правно или физичко лице овластено од нив,

- сопственик на правото за сорти кои се заштитени во Република Северна Македонија или се во постапка за заштита на сорта и

- странско физичко или правно лице, преку застапник во Република Северна Македонија согласно со Законот за трговските друштва.

Поднесување на пријава за запишување на сорта во национална сортна листа

**Член 36**

(1) Пријавата за запишување на сорта во национална сортна листа се поднесува до Управата.

(2) Доколку пријавата се однесува за сорта на трева која не е наменета за производство на добиточна храна, или на сорта која ќе се употребува исклучиво како матична состојка за добивање на хибридна сорта или сорта која е генетски модифицирана, тоа мора посебно да се наведе во пријавата.

(3) Податоците за создавање на сортата во пријавата се доверливи.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува содржината на пријавата.

Услови за запишување на сорта во национална сортна листа

**Член 37**

(1) Управата ја запишува сортата во национална сортна листа доколку:

- сортата има DUS - тест, VCU - тест и име согласно со членот 41 од овој закон или

- сорти со заштитена географска ознака на потекло - автохтона сорта.

(2) Сортата доколку е генетски модифицирана, Управата ја запишува во националната сортна листа, доколку ги исполнува условите за упис од ставот (1) алинеја 1 на овој член, да е во согласност со прописите за генетски модифицирани сорти и да не е штетна за здравјето на човекот, животните, животната средина и природата. Генетските модифицирани сорти да бидат јасно означени како такви во Националната сортна листа.

Различност, еднообразност и стабилност на сортата и општо позната сорта

**Член 38**

(1) Сортата е различна доколку јасно се разликува од која било друга општопозната сорта во моментот на пополнување на пријавата.

(2) Сортата е еднообразна доколку отстапувањата што можат да се очекуваат за одредени крактеристики при размножувањето, не ги променат нејзините битни карактеристики.

(3) Сортата е стабилна, доколку нејзините релевантни карактеристики остануваат постојани по повторно размножување или во случај во посебен циклус на размножување, на крајот од секој таков циклус останале непроменети.

(4) Сортата која е предмет на пријавата станува општо позната од датумот на пријавата, доколку врз основа на пријавата се додели селекционерско право или внесе во национална сортна листа.

(5) Општо позната сорта може да се утврди и во случај кога користење на сортата е во постапка на запишување во регистарот на сорти што го води признато професионално странско здружение, или сортата е запишана во референтна листа во една од земјите членки на UPOV.

Вредност за производство и употреба

**Член 39**

(1) Пријавената сорта има соодветна вредност за производство и употреба, доколку нејзините карактеристики во споредба со карактеристиките на стандардната сорта, односно на другите сорти на растенија кои веќе се запишани во националната сортна листа, дава подобри резултати при одреден начин на производство или што се однесува до производството во конкретна област создаваат корист во однос на растителното производство.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член пријавената сорта може да има соодветна вредност за производство и употреба доколку нејзините одделни каректеристики се послаби од споредуваната сорта ако преовладуваат други подобри карактеристики на пријавената сорта.

(3) Доколку нема стандардна сорта, односно други сорти на растенија кои веќе се запишани во националната сортна листа, испитувањето ќе се врши без споредба на карактеристиките на пријавената сорта.

Испитување на сортата

**Член 40**

(1) Различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата - DUS тест, како и нејзината вредност за производство и употреба -VCU тест, се проверуваат со сортни опити и со лабараториски и

други тестови (во натамошниот текст: испитување на сортата) според пропишаните постапки и методи. Пропишаното количество на семенски и саден материјал за испитување на сортата, мора да го обезбеди пријавувачот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за определени видови на земјоделски растенија не е потребно испитување на производната и употребната вредност.

(3) Доколку пријавувачот во пријавата посочи дека веќе е извршено испитување за различност, еднообразност и стабилност на сортата во Република Северна Македонија, или во една од државите членки на Европската унија, односно земја членка на Конвенцијата на UPOV, повторно испитување не е потребно. Пријавувачот е должен на Управата да и ги достави резултатите од пробите - DUS тест.

(4) За сортите кои се генетски модифицирани, испитување на сортата се врши по постапка во согласност со овој закон и прописите кои го уредуваат постапувањето со генетски модифицирани организми.

(5) Испитувањето на сортата го врши овластено лице согласно со членовите 59 и 60 на овој закон.

(6) Трошоците за испитувањата од ставот (1) на овој член, како и трошоците во врска со добивање на резултатите од пробите од ставот (3) на овој член ги сноси пријавувачот и се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија, а се користат за надоместување на трошоците на постапката за испитување на сортата и за чување на референтните примероци во ген банка.

(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува постапките, методите за испитувањето на сортите од ставот (1) на овој член, видовите и сорти на земјоделски растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност од ставот (2) на овој член, потребните количини на семенски и саден материјал и висината на надоместување на трошоците за испитување на сорта од ставот (6) на овој член, како и висината за надомест за работата на Комисијата од членот 55 став (1) на овој закон.

Име на сорта

**Член 41**

(1) Име на сорта може де биде секој збор, комбинација на зборови и комбинација на зборови и бројки или комбинација на букви и бројки, освен ако со прописите кои ја уредуваат заштитата

на новите сорти на растенија поинаку не е уредено. Името на сортата мора да овозможи разликување на сорта од која да е друга општо позната сорта, од ист вид. Името на сорта не смее да биде навредливо или да доведува до забуна особено во поглед за потеклото на сортата и нејзините особини.

(2) Ако сортата е веќе заштитена или запишана во националната сортна листа во една од државите членки на Европската унија, односно потписничките на Конвенцијата на UPOV, името на сортата во националната сортна листа на Република Северна Македонија треба да биде истото име, како што се употребува во регистарот на заштитени сорти или во листата во една од државите членки на Европската унија или држави членки на UPOV.

(3) Името на сортата може да биде променето по претходно барање на снабдувачот на семенски и саден материјал доколку името на сортата е променето од носителот на селекционерското право на сортата за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство издава решение и го објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и во Билтенот кој го издава Управата.

Приговор против името на сортата

**Член 42**

(1) Управата ја проверува соодветноста на предлогот за името на сортата и името на сортата го објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и во Билтенот кој го издава Управата.

(2) Против името на сортата, може секој кој смета дека му е повреден правниот интерес, во рок од 60 дена од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, да поднесе приговор до Управата. Приговорот мора да е во писмена форма и образложен.

(3) Доколку приговорот е оправдан, Управата го повикува пријавувачот од ставот (1) на овој член во рок од 60 дена од приемот на повикот, да даде нов предлог за името на сортата.

Обработка на резултатите од испитувањата

**Член 43**

(1) По добиените резултати од испитување на сорта, Управата или правно лице кое е овластено од Управата врши статистичка обработка и за истата се плаќа надоместок од Програмата од членот 57 став (2) од овој Закон. Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за извршена споредба на морфолошките особини и приносот помеѓу стандардната и испитуваната сорта.

(2) Доколку Управата, врз основа на резултатите од испитувањата, се сомнева дека се исполнети условите од членот 37 став (1) алинеја 1 на овој закон, може да побара стручно мислење од комисијата од членот 55 на овој закон.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член мора мислењето од ставот (1) на овој член да го достави до Управата најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

(4) Управата кога ќе утврди дека се исполнети условите од членот 37 став (1) на овој закон, од пријавувачот бара во рок од 15 дена да и ги соопшти податоците за одржувачот на сортата, кој ќе обезбеди одржување на сортата согласно со членот 45 на овој закон.

(5) Доколку пријавувачот во рокот од ставот (4) на овој член не и соопшти на Управата кој е одржувачот на сортата, се смета дека пријавувачот е одржувач на сортата.

(6) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува висината на надоместокот за статистичка обработка на резултатите од испитување по сорта.

Издавање на решение

**Член 44**

(1) Ако сортата ги исполнува условите за запишување во национална сортна листа од членот 37 на овој закон, а пријавувачот ги платил сите трошоци за добивање на резултатите од испитување на сортата, Управата издава решение за запишување на сортата во национална сортна листа.

(2) Со денот на издавање на решението сортата се запишува во национална сортна листа и тоа за период кој трае до крај на десеттата календарска година, по запишувањето на сортата во национална сортна листа.

(3) Сортите од овошје и винова лоза се запишуваат во национална сортна листа за период кој трае до крај на 25-та година по запишувањето на сортата во национална сортна листа.

(4) Доколку условите од ставот (1) на овој член не се исполнети, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение го одбива запишувањето на сортата во национална сортна листа.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Обврски на одржувачот на сортата

**Член 45**

(1) До истекот на периодот за кој сортата е запишана во националната сортна листа, одржувачот треба да обезбеди одржување на сортата за да се сочува различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата со исклучок на автохтона сорта од членот 51 од овој Закон.

(2) Одржувачот на сортата која е запишана во националната сортна листа плаќа годишен надоместок според тарифа што ја донесува Владата на Република Северна Македонија. Средствата од надоместокот се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија, а ќе се користат според Програмата за семе и саден материјал од членот 57 на овој закон за надоместок на трошоците за одржување на сортата. Надоместокот се плаќа најдоцна до 31 јануари за тековната година. Доколку годишниот надоместок одржувачот не го плати сортата се брише од националната сортна листа.

(3) Одржувачот на сортата е должен на барање на Управата без паричен надоместок да набави примерок на семенски и саден материјал на сортата во рок кој го одредува Управата кој не смее да е пократок од 30 дена, за:

- проверка дали сортата се одржува за да се осигура дека е различна, еднообразна, стабилна и дека морфолошките карактеристики на сортата остануваат непроменети,

- обновување на референтниот примерок во ген банка и

- стандардна сорта која ќе се користи за споредба со карактеристиките на пријавена сорта.

**Забелешка:** Согласно член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18) законодавецот додава нова алинеја, но не ја нумерира. Истата е додадена како алинеја 3 во пречистениот текст.

Контрола над одржувањето на сортата

**Член 46**

(1) Управата врши контрола над одржување на сортата со кои проверува дали се зачувани различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата согласно со пропишани постапки и методи.

(2) Управата добива примероци од семенски и саден материјал од сортата за испитување од ставот (1) на овој член од одржувачот на сортата.

(3) Доколку Управата врз основа на резултатите од испитувањата од ставот (1) на овој член утврди дека одржувачот на сортата не го обезбедува одржувањето на сортата на начин кој ги обезбедува морфолошките карактеристики, различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата да останат непроменети, го поништува решението за запишување на сортата во националната сортна листа.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува постапките и методите со кои се проверува дали се зачувани различноста, еднообразноста и стабилноста на сортата.

Постапка за бришење на сортата од националната сортна листа

**Член 47**

(1) Управата со решение ја брише сортата од национална сортна листа со денот кога истекува периодот за кој била запишана во националната сортна листа.

(2) Семенскиот и садниот материјал на сортата која е избришана од националната сортна листа согласно со ставот (1) на овој член може да се сертифицира и да се стави во промет до 30 јуни од третата година по бришењето на сортата од националната сортна листа.

(3) Управата го објавува бришење на сортата од националната сортна листа во "Службен весник на Република Северна Македонија" и во Билтенот кој го издава Управата.

(4) По бришење на сорта од национална сортна листа, референтни примероци од сортата се чуваат во ген банка.

Други случаи на бришење на сорта од национална сортна листа

**Член 48**

(1) Сортата се брише од националната сортна листа, ако:

- одгледувањето на сортата во Република Северна Македонија ќе влијае негативно на здравјето на луѓето, животните или растенијата, животната средина и природата,

- одржувачот бара бришење на сортата пред истекот на важноста на решението,

- сортата не ја задржува различноста, еднообразноста и стабилноста – DUS тест,

- престаната е важноста на селекционерското право или е поништено селекционерското право и

- трошоците наменети за одржување на сортата во националната сортна листа не се платени.

(2) Бришењето на сортата од ставот (1) на овој член се врши со решение на Управата, кое се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија" и во Билтенот на Управата.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Поништување на решението за запишување на сорта

**Член 49**

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостапанство донесува решение за поништување на решението за запишување на сортата во националната сортна листа, доколку дополнително се утврди дека решението било донесено врз основа на невистинити и неточни податоци на пријавувачот на сортата.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Со поништувањето на решението од ставот (1) на овој член сортата се брише од национална сортна листа.

Продолжување на запишувањето на сорта во национална сортна листа

**Член 50**

(1) Пријавувачот на сортата може најдоцна две години пред истекот на периодот до кој сортата е запишана во национална сортна листа, до Управата да поднесе барање за продолжување на запишувањето на сортата во национална сортна листа.

(2) Пријавувачот го докажува одржувањето на сортата преку доставување на DUS-тест до Управата.

(3) Ако е исполнет условот од ставот (2) на овој член, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за продолжување на запишувањето на сортата во национална сортна листа.

(4) Запишувањето на сортата во национална сортна листа може да се продолжи најмногу до десет години за поледелските и градинарските култури, а за овошни култури и винова лоза 25 години од денот на издавањето на решението за запишување на сортата во национална сортна листа.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот и постапката за продолжување на запишувањето ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Запишување на автохтона сорта во национална сортна листа

**Член 51**

(1) По исклучок од членот 37 став (1) од овој Закон, заради зачувување и користење на генетски ресурси во земјоделството, автохтоната сорта која не ги исполнува потребните услови може да се запише во национална сортна листа и се означуваат како автохтона сорта.
(2) Сортата од ставот (1) на овој член се запишува во национална сортна листа врз основа на резултати од истражувања или врз основа на податоците добиени при производството односно употреба на сортата.
(3) Пријава за запишување на автохтона сорта во национална сортна листа заедно со резултатите или податоците од ставот (2) на овој член ги поднесува научна институција до Управата.
(4) Доколку Управата се сомнева во резултатите или податоците од ставот (2) на овој член може да побара стручно мислење од комисијата од членот 55 од овој Закон.
(5) Ако се исполнети условите од ставот (2) на овој член, Управата издава решение за запишување на автохтона сорта во национална сортна листа на неопределено време.
(6) Доколку условите од ставот (2) на овој член не се исполнети, Управата со решение го одбива запишувањето на автохтона сорта во национална сортна листа.
(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата и содржината на пријавата од ставот (3) на овој член.

**Член 51-а е избришан.**

Објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија”

**Член 52**

Запишувањето на сортите во националната сортна листа Управата го објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и Билтенот на Управата.

Чување на документација

**Член 53**

(1) Управата за секоја сорта запишана во националната сортна листа чува податоци за:

- името на сортата или друго име со кое се пласира на пазар во друга земја,

- видот на кој сортата му припаѓа,

- карактеристиките на сортата, вклучувајќи ги и карактеристиките кои ја одредуваат производната и употребната вредност, освен за градинарски култури и треви кога одржувачот на сортата изјавил дека семенскиот материјал од таа сорта не е наменет за производство на сточна храна официјалниот опис на морфолошките карактеристики на сортата,

- датумот на запишување на сортата во националната сортна листа и датумот на обновување на запишувањето,

- датум на истекување на рокот на вакво запишување и

- име и адреса на авторот, одржувачот и сопственикот на правото на користење на сортата, или доколку има повеќе од еден одржувач, назначување на изворот од каде што можат да се добијат овие имиња и адреси.

(2) Управата ги чува податоците најмалку две години по донесувањето на решението за одбивање за запишување во националната сортна листа и седум години по бришење на сорта од национална сортна листа.

(3) Управата ќе дозволи увид во податоците од ставот (1) на овој член под услови и на начин утврдени со прописите за пристап на јавноста до податоците.

Чување и одржување на семенски и саден материјал

**Член 54**

(1) Примерок на семенски и саден материјал од сорта и автохтона сорта запишани во националната сортна листа се чува и одржува како референтен примерок во ген банка и е сопственост на Република Северна Македонија.
(2) За чување и одржување на референтен примерок од ставот (1) на овој член на овластените лаборатории од членот 60 од овој Закон Управата им плаќа надоместок. Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за чување и одржување по број на референтни примероци, набавка и тековно одржување на опрема, комунални трошоци и друго.
(3) Ген банката е должна до Управата еднаш годишно, а најдоцна до 31 декември да достави извештај со податоци за бројот и видот на референтни примероци кои ги чува и одржува.
(4) Надоместокот за чување и одржување на референтен примерок од ставот (1) на овој член е на товар на Управата и истиот се исплаќа од Програмата од членот 57 став (2) од овој Закон или Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.
(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува количините, начинот на чување и одржување на референтен примерок, начинот на работа на ген банката, како и висината на надоместокот според специфичните услови на чување и одржување на референтен примерок од одделни видови земјоделски растенија.

Комисија за национална сортна листа

**Член 55**

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за национална сортна листа на земјоделски растенија.

(2) Комисијата за испитување на сортата и национална сортна листа на земјоделски растенија се состои од девет члена, и тоа од Управата пет члена и од стручни и научни установи четири члена. Претседателот се избира од членовите на комисијата. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата е четири години.

(3) Комисијата за националната сортна листа ги врши следниве работи:

1) расправа за резултатите од испитувањата на сортата, како и давање на стручно мислење во поглед на исполнувањето на условите од членот 37 став (1), во согласност со членот 43 став (3) на овој закон;

2) расправа и подготвува стручно мислење за резултати или податоци за автохтона сорта согласно членот 51 став (2) од овој Закон;

3) расправа и подготвува предлози за методите на испитување на сортите согласно со членот 40 став (1) и членот 56 став (1) на овој закон;

4) расправа и подготвува стручно мислење во поглед на предлози на сортите кои се вклучуваат во посебно испитување, во согласност со членот 56 став (6) на овој закон и

5) расправа за другите прашања од областа на семенарството.

(4) Комисијата за национална сортна листа на земјоделски растенија донесува деловник за начинот на работа.

(5) За работата на Комисијата за националната сортна листа на земјоделски растенија следува надоместок кој го утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Посебно испитување на сортите

**Член 56**

(1) Кај одредени видови на земјоделски растенија кои се важни за производството, со посебни испитувања на сортите се утврдува вредноста на сортите за производство и употреба при различни технологии на производство, односно во различни еколошки прилики, со цел земјоделските производители да добијат детални податоци за особините на сортата.

(2) Посебно испитување на сортата го вршат правни лица овластени согласно со членот 59 на овој закон според програма која ја донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за период од пет години.

(3) Со програмата од ставот (2) на овој член се пропишуваат:

- видови на земјоделски растенија кои се важни за производството во Република Северна Македонија и локации на кои се вршат посебни испитувања кај одделни видови на земјоделски растенија и

- бројот на сортите кои во одделна година треба да бидат вклучени во посебно испитување, како и критериуми за нивно вклучување на одделната сорта во посебно испитување, особено во поглед на распространетост и соодветност на сортата за производство на одредено подрачје, и со определена агротехника.

(4) За спроведување на програмата од ставот (2) на овој член се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

(5) Во согласност со програмата од ставот (2) на овој член, Управата определува сорти кои ќе бидат вклучени во посебно испитување на сортите.

(6) Управата при избирањето на сортите за посебно испитување од ставот (5) на овој член, може да ги земе предвид предлозите на одржувачот на сортата, организацијата на производители, задруги, здруженијата и друштвата, кои вршат работа во областа на земјоделството. Управата пред избирањето на сортите за вклучување во програмата за посебно испитување го зема предвид стручното мислење на Комисијата за описна листа на препорачани сорти за полјоделски растенија, Комисијата за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза и Комисијата за описна листа на препорачани сорти за градинарски, ароматични, зачински и лековити растенија.

(7) Управата може во посебно испитување да вклучи и други сорти, кои биле предложени во согласност со ставот (5) на овој член, а не ги исполнуваат критериумите определени во програмата, доколку предлагачот за вклучување на вакви сорти му ги плати трошоците целосно на овластеното лице од ставот (2) на овој член.

(8) Врз основа на резултатите од посебното испитување на сортите, Управата подготвува описна листа на препорачани сорти.

(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за описна листа на препорачани сорти за полјоделски растенија, Комисија за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза и Комисија за описна листа на препорачани сорти за градинарски, ароматични, зачински и лековити растенија.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува постапките и методите за посебно испитување на сортата, начинот и постапката на подготвување на листата на препорачани сорти, како и висината за надоместување на трошоците кои ги плаќа предлагачот.

(11) Комисиите од ставот (9) на овој член се составени од пет члена и тоа два члена од Управата и три члена од стручни и научни установи. Претседателот се избира од членовите на комисијата. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата е четири години.

(12) За работата на комисиите од ставот (9) на овој член им следува надоместок на членовите од стручните и научните установи, чија висина ја утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во зависност од бројот и сложеноста на постапката на препорачаните сорти.

## VIII. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Управа за семе и саден материјал

**Член 57**

(1) Управата за семе и саден материјал врши организациони и со нив поврзани стручни задачи од областа на производство, подготовка за трговија на семенски и саден материјал, пакување, сертифицирање, етикетирање, трговија со семенски и саден материјал од сорти на земјоделски растенија и врши внесувања на сорти на земјоделски растенија во националната листа и друго.

(2) За работите од ставот (1) на овој член Владата на Република Северна Македонија донесува годишна програма за семе и саден материјал.

Задачи и овластување на Управата за семе и саден материјал

**Член 58**

Управата покрај работите од членот 57 на овој закон врши и:

- изготвување и објавување на податоци за производство и сертифицирање на семенски и саден материјал,

- подготовка на извештаи, анализи, информации и други материјали од областа на семенарството, за органи и меѓународни организации кои Република Северна Македонија мора да ги известува во согласност со прописите и врз основа на меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија,

- соработка со други органи, организации, здруженија и други правни лица во Република Северна Македонија и во други земји,

- застапување на Република Северна Македонија по овластување на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на собири на меѓународните органи и организации од областа на семето и садниот материјал, особено UPOV, CPVO, ECPGR, OECD и ISTA,

- може да бара податоци за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и други податоци од областа на семенарството, од органите и организациите во други држави и

- врши и други работи утврдени со овој или друг закон.

## IX. ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

### Овластени правни лица

**Член 59**

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за извршување на определени работи во однос на стручната контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата може да овласти правни лица кои ги исполнуваат условите во поглед на стручниот кадар, просторната и техничката опременост, врз основа на јавен конкурс.

(2) Во однос на стручниот кадар правните лица треба да имаат вработено најмалку едно лице со завршено високо образование од земјоделски науки, со три години работно искуство во областа на селекцијата, семепроизводство и генетиката на земјоделските растенијата.

(3) Носителите на јавното овластување за вршење на задачи за кое им е дадено јавно овластување, се одговорни пред Управата.

(4) Овластувањето се одзема доколку носителот на јавното овластување повеќе не ги исполнува условите или работи во спротивност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и поради што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го раскинува договорот.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги пропишува условите во поглед на просторната и техничката опременост од ставот (1) на овој член и условите и начинот на работа кои треба да ги исполнуваат лицата од ставот (1) на овој член.

(6) Исполнувањето на условите и спроведувањето на постапката за јавен конкурс од ставот (1) на овој член ги утврдува комисијата што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Контролата и мониторинг над спроведувањето на јавните овластувања над правните и назначените стручни лица од ставот (1) на овој член и членот 17 став (2) на овој закон во нивното работење ги врши Државниот инспекторат за земјоделство и Управата.

(8) Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство по давање на решение за овластување од ставот (1) на овој член склучува договор со правното лице кое добило овластување.

Овластени лаборатории

**Член 60**

(1) Испитување на квалитет на семенски и саден материјал вршат лаборатории кои се акредитирани додека чување и одржување на референтни примероци вршат овластените лаборатории, кои треба да ги исполнат условите во поглед на начинот на работа, кадарот, просторната и техничката опременост врз основа на јавен конкурс.

(2) Испитувањата од ставот (1) на овој член се вршат врз основа на овој закон и меѓународните стандарди за испитување на семенскиот и садниот материјал.

(3) Лабораториите за испитување на квалитетот на семенскиот и садниот материјал во однос на стручен кадар е потребно да имаат вработено најмалку едно лице со завршен земјоделски факултет со соодветна насока, со работно искуство од најмалку три години во лабораторија.

(4) Условите во поглед на начинот на работа, просторната и техничката опременост од ставот (1) на овој член поблиску ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Исполнувањето на условите и спроведувањето на постапката за јавен конкурс од ставот (1) на овој член ги утврдува комисијата што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Контролата над спроведувањето на јавните овластувања и мониторингот во нивното работење од ставот (1) на овој член го врши Управата и Државниот инспекторат за земјоделство.

(7) Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство по давање на решение за овластување на лабораторијата од ставот (1) на овој член склучува договор.

(8) Овластувањето од ставот (7) на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го одзема доколку носителот на јавното овластување повеќе не ги исполнува

условите и работи спротивно на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и го раскинува договорот.

(9) Овластените лаборатории пред истекот на важноста на сертификатот за акредитација на методите за испитување на квалитетот на семенскиот материјал во рок од 30 дена треба до Управата да го достават новиот сертификат за акредитација. Доколку овластените лаборатории не достават сертификат, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го одзема решението за овластување на лабораторијата.

(10) Работите на давателите на јавни услуги од членот 59 став (1) и ставот (1) на овој член се финансираат од сопствени приходи остварени со наплата на цената на дадените услуги, а некои услуги можат да бидат финансирани и од програмата предвидена во членот 57 став (2) на овој закон.

Надлежност на Државната фитосанитарна лабораторија

**Член 60-а**

(1) Државната фитосанитарна лабораторија (во натамошниот текст: ДФЛ) врз основа на добиена акредитација врши испитување на квалитет на семенски и саден материјал и издава „Сертификат за квалитетот на семето на земјоделски растенија“.

(2) ДФЛ изготвува извештај за извршените работи наведени во ставот (1) на овој член и истиот го доставува до Управата еднаш годишно, а најдоцна до 31 декември.

Жалба

**Член 61**

(1) Јавните овластувања од членовите 59 и 60 на овој закон се доделуваат со решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## X. ПРОПИСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

### Член 62

Покрај поблиските прописи предвидени со овој закон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да донесе по потреба и други поблиски прописи за спроведување на овој закон.

## XI. НАДЗОР

Спроведување

### Член 63

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за земјоделство, преку државни инспектори за земјоделство, а на граничните премини фитосанитарните инспектори.

Постапка за едукација

### Член 63-а

(1) За прекршоците предвидени во членот 67, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

(3) Инспекторот е должен да води евиденција за изречените опомени.

(4) Формата и содржината на евиденцијата ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 63-б е избришан.**

Задачи и овластувања на државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор

**Член 64**

(1) Во вршењето на инспекцискот надзор, државниот инспектор за земјоделство има право да:

1) врши преглед на семенските посеви и насади и на растителните производи пуштени на пазар;

2) врши контрола кај производителите, доработувачите, трговците, увозниците, извозниците на семенски материјал и саден материјал, дали се запишани во соодветниот регистар што го води Управата и дали и понатаму ги исполнуваат пропишаните услови за вршење на дејностите, како и на соодветната документација (уверенија, сертификати, испратници, фактури, приемници и други пропишани документи);

3) врши контрола на семенскиот и садниот материјал што е пуштен во трговија, дали сортата е запишана во националната сортна листа, дали ги има потребните документи за квалитет и здравствена исправност, рокот на важење на документите, дали е соодветно спакуван и означен на пропишан начин, соодветна примена на условите предвидени во членовите 11, 12, 13, 15, 21 и 22 на овој закон;

4) врши контрола на семенскиот и садниот материјал од сорти земјоделски растенија кои се генетски модифицирани и кои мораат да бидат дополнително означени како генетски модифицирани;

5) зема мостри за анализа доколку оцени дека материјалот што е пуштен на пазарот, отстапува од пропишаниот квалитет и здравствената исправност;

5-а) да присуствува при земање на мостра за сертификација на семенски и саден материјал на овластеното лице од овластената лабораторија;

5-б) да зема мостра за постконтрола на семе заедно со одговорно лице од Управата;

6) привремено, до одлука на надлежен суд, да одземе од правно или физичко лице семенски материјал, саден материјал и други предмети употребени за извршување на кривичо дело или прекршок;

7) врши надзор кај снабдувачите и наредува, привремено да се повлечат од трговија оние количини на семенски и саден материјал, за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите за пуштање во трговија, се до отстранување на недостатоците, со што привремено ќе го забрани пласирањето на пазарот;

8) забрани маркетинг на семенски материјал, саден материјал, кој не одговара на пропишаните услови за ставање во трговија од овој закон, се до донесување на правосилна одлука од надлежен суд;

9) собира податоци и известувања од одговорни лица во правното лице и други лица и сослушува сведоци и други стручни лица кога тоа е потребно за успешно вршење на неговите работи;

10) врши надзор дали правните лица од членовите 59 и 60 на овој закон ги исполнуваат условите за вршење на дадените јавни овластувања;

11) врши надзор во определените места - царински терминали во внатрешноста на Република Северна Македонија кои се под царински надзор на квалитетот на семенскиот и садниот материјал и

12) доколку оцени дека семенскиот и садниот материјал не одговара на одредбите на овој закон, со решение ќе го задолжи увозникот до одреден рок да го отстрани недостатокот или да ја врати пратката назад. Ако не се отстранат недостатоците или не се врати пратката назад, земјоделскиот инспектор на царинскиот терминал во присуство на официјално лице од царинската служба ќе ја одземе или уништи пратката.

(2) Во вршењето на инспекцискиот надзор, фитосанитарниот инспектор на граничен премин има право да:

1) провери дали увозникот е запишан во соодветниот регистар на увозници на семенски и саден материјал;

2) дали семенскиот и садниот материјал ги исполнува условите за увоз согласно со членот 26 на овој закон и прописите од областа на здравјето на растенијата;

3) по претходна оцена зема мостри од семенскиот или садниот материјал и ги испрати за анализа во овластена лабораторија;

4) утврди дали пратката е придружена со пропишаните сертификати и дали е запишана во националната сортна листа на сорти или дали има одобрение за увоз и

5) доколку оцени дека семенскиот и садниот материјал не одговара на одредбите на овој закон, со решение ќе го задолжи увозникот до одреден рок да го отстрани недостатокот или да ја врати пратката назад. Ако не се отстранат недостатоците или не се врати пратката назад, инспекторот на граничниот премин во присуство на официјално лице од царинската служба ќе ја одземе или уништи пратката.

Решение на инспекторот и жалба

**Член 65**

(1) За преземените мерки утврдени со овој закон, инспекторот донесува решение.

(2) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за земјоделството, шумарството и водостопанството.

(3) Жалбата изјавена против решението ставот (1) на овој член не го одлага неговото извршување, во случај ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се острaнат.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 65-а**

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршоците, ако:

1) пушти во трговија семенски и саден материјал спротивно на условите од членот 8 став (9) на овој закон и

2) овластената лабораторија изврши сертификација на семенски и саден материјал, спротивно на пропишаните правила во членот 60 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) точка 1 на овој член.
(4) На физичкото лице, покрај глобата од ставот (3) на овој член ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на семенскиот и садниот материјал.

### Член 66

(1) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице за прекршок, ако:

1) произведува, врши подготовка за трговија, увоз-извоз, а не е запишан во регистарот за снабдувачи на семенски материјал и снабдувачи на саден материјал и не ги исполнува пропишните услови (член 5);

2) пушти во трговија семенски и саден материјал спротивно на членот 8 ставови (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8), членовите 9, 10, 11 и член 12 став (1) од овој Закон;

3) не врши стручна контрола на пропишан начин и постапка (член 17 став (1));

4) тргува со семенски и саден материјал без официјален сертификат (член 21 став (7));

5) пушти во промет или увезе семенски и саден материјал без официјални етикети (член 23);

6) снабдувачот преиспитува семенски и саден материјал без предходно барање до Управата (член 24);

7) увезува семенски и саден материјал заради извоз и не достави доказ дека размножениот семенски и саден материјал во целина ќе го извезува (член 31 став (1));

8) не ги извршува стручно полските опити, не ги доставува навреме извештаите за извршената работа и не ги исполнува условите за постконтрола (член 33) и

9) на надлежниот инспектор не му овозможи надзор во работата (член 64).

(2) Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од 30 дена.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од 15 дена.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал.

(6) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дествијата од ставот (1) точки 1, 2, 4, 5, 6 и 10 на овој член.

(7) На физичкото лице, покрај глобата од ставот (6) на овој член ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на семенскиот и садниот материјал.

### Член 66-а

(1) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице за прекршок, ако:

1) врши трговија со мали количини на семенски и саден материјал за кое има одобрение да го користи за научни цели, селекција или официјално испитување (член 14);

2) не ги извршува потребните подготовки за трговија со семенски и саден материјал наведени во членот 16 став (2) од овој закон;

3) не го пријави производството на семенскиот и садниот материјал во определен рок за сертифицирање (член 18);

4) увезува семенски и саден материјал спротвно од членот 30 став (4) алинеи 1 и 3 од овој закон и

5) не го обезбедува одржувањето на сортата и не набави семенски и саден материјал по барање на Управата (член 45 ставови (1) и (3)).

(2) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал.

(4) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дествијата од ставот (1) точки 1 и 5 на овој член.

(5) На физичкото лице покрај глобата од ставот (4) на овој член ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на семенскиот и садниот материјал.

## Член 67

(1) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице за прекршок, ако:

1) не го истакне телефинскиот број на Државниот инспекторат за земјоделство (член 15-а);

2) не води евиденција за семенската мешавина (член 13 став (1));

3) не води пропишана евиденција за состојбите на семенските посеви и насадите од саден материјал (член 16 став (1));

4) не ја известува Управата за произведеното, продаденото и количеството на залиха на семенски и саден материјал (член 25 став (2));

5) не доставува извештај до Управата за увезениот, продадениот и останатиот на залиха семенски и саден материјал (член 32 став (1));

6) не го плаќа надоместокот од членот 45 став (2) од овој закон;

7) не достави податоци за бројот и видот на семенски и саден материјал кој го чува и одржува до Управата (член 54) и

8) вршителот на јавната служба не ги извршува или навремено не ги извршува обврските член 59 став (1).

(2) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дествијата од ставот (1) точка 3 на овој член.

Прекршочна постапка

## Член 67-а

(1) Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ја води прекршочна комисија формирана од министерот за земјоделство шумарство и водостопанство.

(2) Пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со членовите 65-а, 66, 66-а и 67 на овој закон, државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор на сторителот на прекршокот ќе му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор од став (2) на овој член се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (3) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(5) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(6) Против одлуките на Прекршочниот орган, со кои се изрекува прекршочна санкција се води постапка согласно со Законот за прекршоците.

(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 67-б

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Усогласување на работењето

**Член 68**

(1) Правните и физичките лица кои вршат производство, доработка, трговија, увоз и извоз и стручна контрола на семенски и саден материјал се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Сортите кои се запишани или ќе се запишат во националната сортна листа до денот на влегувањето во сила на овој закон, а кои не се испитани во поглед на различноста, хомогеноста и стабилноста - DUS тест, треба да се испитаат или да се обезбедат резултати за тоа најдоцна во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Започнати постапки

**Член 69**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со законот што важел до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Поблиски прописи

**Член 70**

До денот на влегување во сила на поблиски прописи предвидени со овој закон ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Престанување на важењето на претходниот закон

**Член 71**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Службен весник на Република Македонија" број 41/2000), освен одредбите во делот кои се однесуваат за заштита на сортата од членот 61 до членот 85.

Влегување во сила

**Член 72**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија" бр. 39/16

**Член 8**

Започнатите постапки до денот на започнување на примена на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18

**Член 36**

Сортите кои се запишани или ќе се запишат во националната сортна листа до денот на влегувањето во сила на овој закон, а кои не се испитани во поглед на различноста, хомогеноста и стабилноста - DUS тест, треба до Управата да достават доказ за започната постапка за испитување во рок од една година, а резултати да ги обезбедат најдоцна во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 37**

Издадените контролни марки - етикети за семенскиот и саден материјал ставен во трговија до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе имаат важност до истекот на рокот втиснат на пакувањето.